ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**20-ти ноември, 2008**

Македонија

**Оцена: 7**

# Македонија последна во Европа по слободата на здружување

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД објавува дека Република Македонија е последно рангирана според слободата на здружување меѓу земјите од централна и источна Европа во најновиот извештај што го објави меѓународната невладина организација „Фридом Хаус“.

Според глобалниот извештај насловен „Слободата на здружување под закана“, Македонија е со најниска оценка – 7, во рангирањето за централна и источна Европа, во кое се вклучени и балтичките земји за 2007 година.
Во делот за Балканот, Албанија и Босна и Херцеговина се оценети со оценка – 8, Црна Гора – 10, Србија, Бугарија и Романија -11, Хрватска и Словенија – 12, што е највисока оценка.

Меѓу најлошите во светот по слободата на здружување со оценка нула се Бурма, Северна Кореја, Либија и Саудиска Арабија.

Според „Фридом Хаус“ во повеќето земји во светот, слободата на здружување не се почитува во доволна мера.

Организацијата изразува загриженост заради глобалната тенденција на непочитување на таквата слобода. Во извештајот се наведува дека на многу места во светот се појавиле нов вид авторитарни државни лидери, кои се користат со новоразработени тактики за потиснување на слободите.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk